# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ • НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
9 - 15 април 2018 година Број : 302

# 113 НОВИ ДРВЈА ВО КАРПОШ

Во Карпош започна големата акција за разеленување на Општината. Ќе бидат засадени вкупно 113 нови, висококвалитетни дрвја на територија на четири урбани заедници: "Владо Тасевски" (Млечен ресторан), "Тафталиџе 1" , "Карпош 1 " и "Карпош 2" .
Ќе се засадат 49 листопадни и 64 зимзелени дрвја, од следниов вид: јасени и ацери (листопадни), како и туи и кипарис (зимзелени).
Акцијата започна од Урбаната заедница "Владо Тасевски" (Млечен), каде што во близина на платото беа засадени дел од новите дрвја од страна на службите на Општина Карпош.
Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека локалната самоуправа започнува со најавената зелена офанзива за подигнување на меѓублоковското зеленило:

- Идејата за зелен Карпош нема алтернатива. Концентрирани сме на разеленување на маалските катчиња, паркови и површини каде што граѓаните минуваат поголем дел од слободното време.

На бетонското сивило одговараме со повеќе зеленило, рече Богоев.
Во изминатиот период, службите на Општината мапираа повеќе критични локации кои ќе бидат оплеменети со зеленило во оваа акција.
Акцијата за засадување на 113 нови дрвја чини 350.000 денари.
Исто така, во втората половина на април, Општина Карпош ќе спроведе координирана акција со Град Скопје и јавните претпријатија, за дополнително засадување на нови дрвја.



# „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ “ НОВИ ШАМПИОНИ ВО КОШАРКА

Во возбудливо и до крај неизвесно финале кошаркарите на ООУ „ Јан Амос Коменски“ ги победија основците од ООУ „ Димо Хаџи Димов “, со резултат од 41-35. Пред многубројната публика во малата сала на С.Ц „ Борис Трајковски“, присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, кој како што истакна со задоволство го проследил финалниот натпревар.

Честитки до второпласираните кошаркари од „ Димо Хаџи Димов“, и нивната навивачка група „ Димо“, како и до овогодинешниот кошаркарски шампион во училишните карпошови лиги- кошаркарите од „ Јан Амос Коменски“ . Сакам да упатам голема благодарност и до наставниците кои ги образуваат и воспитуваат нашите таленти кои учат во училиштата на територијата на нашата локална самоуправа, потенцираше првиот човек на Општината.

Најдобар играч на натпреварот беше прогласен Јосиф Јаковлевски од „ Димо Хаџи Димов“, додека најдобар стрелец е Саве Манојловски од „ Јан Амос Коменски“. За најталентиран играч е избран Паоло Блажевски од „ Христијан Тодоровски Карпош“. Градоначалникот Богоев, им го додели победничкиот пехар на кошаркарските шампиони, како и медалите и дипломите на победничките екипи.



# РАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ ВО КАРПОШ



Општина Карпош во соработка со колективниот постапувач "Елколект" го уреди дворот на основното училиште "Вера Циривири – Трена".

Се засадија повеќе дрвца на слободните површини во училишниот двор, а во еко – акцијата беа вклучени и учениците.

Една од примарните цели на локалната самоуправа е разеленувањето на Општината, во сите аспекти. Оплеменување на зеленилото меѓу зградите, но и целосно разеленување на училишните дворови кои ќе прераснат во уредени зелени градини со намена за спорт и рекреација.

Во изминатиот период се засадија и нови садници во училиштето "Петар Поп Арсов", а во текот на следната недела нови дрвја ќе бидат засадени и во основното училиште "Аврам

## ЗЕЛЕНАТА ОФАНЗИВА ПРОДОЛЖИ ВО КАРПОШ 2



